Страшо Пинцур
Неготино
У

# С А М О Е В А Л У А Ц И Ј А
## на училиштето
## за периодот од 2020 до 2022 година

(учебна 2020-2021 и 2021-2022 год.)



**Јануари, 2023**

| | |
|---|---|
| **Период на евалуирање:** | **2020 - 2022 година** (учебна 2020-2021 и 2021-2022) |
| **Вид на училиштето:** | **Основно општинско училиште** |
| **Основач на училиштето:** | **Општина Неготино** |
| **Наставен јазик:** | **Македонски јазик** |
| **Директор на училиштето:** | **Сашо Ѓорѓиев** |
| **Претседател на училишниот одбор:** | **Пандорка Илкова** |
| **Адреса на училиштето:** | **ул. „Партизанска“ – 146 Неготино** |
| **Тел/Факс:** | **043-361-900** |
| **e-mail:** | **spingur.negotino@gmail.com** |
| **Број на одделенија:** | **9** |
| **Број на паралелки:** | **47** |
| **Број на ученици во учебната 2020-2021:** | **869** |
| **Број на ученици во учебната 2021/2022:** | **886** |
| **Број на смени:** | **2** |
| **Број на подрачни училишта:** | **4** |
| **Број на вработени:** | **86** |
| **Број на наставен кадар:** | **63** |
| **Број на стручни соработници:** | **3** |
| **Административни работници:** | **3** |
| **Техничка служба:** | **16** |
| **Директор:** | **1** |

## Комисија за самоевалуација

| Име и презиме: | Функција во училиштето: |
|---|---|
| Ивана Стојановиќ | Спец. едукатор и рехабилитатор |
| Микица Илиевска | Психолог |
| Катерина Јорданова | Одделенски наставник |
| Ѓорѓина Димова | Предметен наставник |
| Нина Андонов | Родител |

## Работни тимови по подрачја во рамките на самоевалуацијата

| 1.Наставни планови и програми | 2.Постигања на учениците | 3.Учење и настава |
|---|---|---|
| Катерина Јорданова, Даниела Ристова, Весна Караева Адраманов, Јасмина Ангелкова, Петар Лазов | Марија Стојкова, Велика Маркова, Јасмина Николова, Јулијана Данилова, Татјана Ристова | Трајанка Апостолова, Цанка Костова, Андријана Маркова, Милена Златковиќ, Магдалена Ристова. |
| **4.Поддршка на учениците** | **5.Училишна клима и односи во училиштето** | **6.Ресурси** |
| Ангелче Коцев, Фросина Михајловска, Марина Станиславова, Александра Балкански, Љубица Толовска | Јованка Паункова, Марика Вучкова, Весна Ѓорѓиева, Валентина Велкова | Тања Трифунова Николовска, Зоран Симоновски, Васка Цветкова, Сања Митрева, Ана Емшова |
| **7.Управување, раководење и креирање политика** | | |
| Ѓорѓина Димова, Микица Илиевска, Милена Белевска, Весна Јованова, Ивана Стојановиќ | | |

# С О Д Р Ж И Н А


| | |
|---|---|
| **Комисија за самоевалуација/ Работни тимови по подрачја** | 3 |
| **ПОДРАЧЈЕ 1. Наставни планови и програми** | 6 |
| Индикатор 1.1 Реализација на наставните планови и програми | 7 |
| Индикатор 1.2 Квалитет на наставните планови и програми | 9 |
| Индикатор 1.3 Воннаставни активности | 11 |
| **ПОДРАЧЈЕ 2. Постигања на учениците** | 14 |
| Индикатор 2.1 Постигања на учениците | 15 |
| Индикатор 2.2 Задржување/осипување на учениците | 18 |
| Индикатор 2.3 Повторување на учениците | 19 |
| **ПОДРАЧЈЕ 3 Учење и настава** | 21 |
| Индикатор 3.1 Планирања на наставниците | 22 |
| Индикатор 3.2 Наставен процес | 24 |
| Индикатор 3.3 Искуства на учениците од учењето | 26 |
| Индикатор 3.4 Задоволување на потребите на учениците | 27 |
| Индикатор 3.5 Оценувањето како дел од наставата | 29 |
| Индикатор 3.6 Известување за напредокот на учениците | 30 |
| **ПОДРАЧЈЕ 4. Поддршка на учениците** | 34 |
| Индикатор 4.1 Севкупна грижа за учениците | 35 |
| Индикатор 4.2 Здравје | 39 |
| Индикатор 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | 40 |
| Индикатор 4.4 Следење на напредокот на учениците | 40 |
| **ПОДРАЧЈЕ 5. Училишна клима и односи во училиштето** | 44 |
| Индикатор 5.1 Училишна клима и односи во училиштето | 45 |
| Индикатор 5.2 Промовирање на постигањата | 46 |
| Индикатор 5.3 Еднаквост и правичност | 47 |
| Индикатор 5.4 партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | 48 |

| | |
|---|---|
| **ПОДРАЧЈЕ 6. Ресурси** | 52 |
| Индикатор 6.1 Сместување и просторни капацитети | 53 |
| Индикатор 6.2 Наставни средства и материјали | 54 |
| Индикатор 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар | 56 |
| Индикатор 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар | 57 |
| Индикатор 6.5 Финансиско работење во училиштето | 57 |
| **ПОДРАЧЈЕ 7. Управување, раководење и креирање политика** | 60 |
| Индикатор 7.1 Управување и раководење со училиштето | 60 |
| Индикатор 7.2 Цели и креирање на училишната политика | 62 |
| Индикатор 7.3 Развојно планирање | 63 |
| **РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА** | 69 |
| **ПРЕДЛОГ МЕРКИ** | 71 |

**Подрачје 1: Наставни планови и програми**
**Ниво на евалуација : многу добро**

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **1.1** | **Реализација на наставните планови и програми** | • Применување наставни планови и програми и создавање визија за она што го посакуваме;<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br>• Постојат наставни програми за ученици со посебни образовни потреби;<br>• Постојат наставни програми за ученици со посебни образовни потреби-Аутизам;<br>• Избор на наставни програми;<br>• Реализација на програми со системска промена; |
| **1.2** | **Квалитет на наставните планови и програми** | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала;<br>• Соработка со локалната средина во наставните програми и наставните помагала;<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието и определување приоритети за подобрување;<br>• Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми; |
| **1.3** | **Воннаставни активности** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности;<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности;<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности; |

<table>
<tr><th colspan="2">1.1 Реализација на наставните планови и програми<br>Ниво на евалуација – многу добро</th></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Кои информации се собрани</th></tr>
<tr><td>• Наставни планови и програми донесени од БРО<br>• Годишни – тематски планирања на наставниците<br>• Нормативни акти на училиштето<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Записници од родителски совети на училиштето<br>• Записници од родителски средби<br>• Записници од наставнички совети на училиштето и активите<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми<br>• Покани за учество на семинари<br>• Извештаи од анкетирани родители на ученици<br>• Застапеност на изборните предмети по паралелки<br>• Е дневници на паралелките<br>• Подготовка за натпревари<br>• Програма со системска промена добиена од БРО во согласност со МОН</td><td>Во согласност со донесените програмски документи од МОН се изготвени наставни планови и програми (НПП) кои се реализираат во пропишаниот обем. Тие ја следат визијата - училиштето да реализира современа, ефикасна и квалитетна настава во 21 век со постигнување максимален развој и едукација на учениците и наставниците.<br><br>Наставните планови и програми во секое време им се достапни на наставниците бидејќи се во електронска форма за секое одделение на ниво на училиште и подрачни паралелки и истите се користат во секојдневното работење .<br><br>Училиштето преку Совет на родители и Училишен одбор ги зема во предвид мислењата на родителите во врска со квалитетот и обемноста на наставните планови и програми и покренува иницијатива до МОН и БРО, доколку се бараат нивни измени и дополнувања.<br><br>Според извршената анкета, родителите се воглавно запознати со НПП и годишниот план за работа на училиштето преку информациите што ги добиваат од страна на учениците, Советот на родители, веб-сајтот на училиштето, ФБ страната на училиштето, родителските средби, индивидуалните разговори со наставниците и одделенските раководители, стручната служба на училиштето, веб страните на МОН и БРО и сл.<br><br>Учениците пак, редовно се запознаваат со содржините кои треба да ги обработуваат, преку годишните и тематските планирања, од наставниците и на одделенските часови од страна на одделенските раководители.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • Брошури<br>• web портал<br>• Разговори со наставници и стручни соработници | Училиштето има програми за работа со деца со посебни образовни потреби кои се вклучени во редовната настава и тие програми се прилагодени според нивните индивидуални можности и потреби, а исто така има и програми за работа со децата со посебни образовни потреби кои учат во посебната паралелка и работат според НПП, одобрени од МОН.<br><br>Училиштето ги нуди сите изборни предмети според наставниот план. Изборните предмети се избираат со писмено изјаснување (изјава) на родителите на секој ученик. Секој изборен предмет влегува во наставата откако ќе се формира наставна група.<br><br>Училиштето е отворено за промени и реализира проекти кои го прават училиштето поефективно и современо. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем и се следи визијата на училиштето да биде со современа, ефикасна и квалитетна настава и со постигнување максимален развој и едукација на учениците и наставниците. |

<table>
<tr><th colspan="2">1.2 Квалитет на наставните планови и програми<br>Ниво на евалуација – многу добро</th></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Кои информации се собрани</th></tr>
<tr><td>• Стручни Активи<br>• Нормативни акти на училиштето<br>• Разговор со наставници – родители<br>• Записници од активи на наставници<br>• Записници од наставнички совет<br>• Разговор со директор<br>• Анкетни листови за наставници, родители и ученици</td><td>Наставниот план и програма во целост го помага личниот и општествениот развој на учениците од машки и женски пол, од различно етничко потекло преку еднаква полова и етничка застапеност преку реализирање на содржините од: Образование за животни вештини, Вештини за живеење, Граѓанско образование и другите предмети, преку реализација на одредени теми на часовите на одделенските раководители и преку соработка со педагошко - психолошката служба.<br><br>Постојат примери за интегрирање на особености на локалната средина во дел од наставните програми и наставните помагала. Во одреден дел од НПП се интегрирани содржини и особености од локалната средина.<br><br>Училиштето е отворено за промени и подобрување на учењето преку иновирање за сите предмети од одделенска и предметна настава во однос на стандардите во оценувањето и водењето на електронската документација. Од страна на БРО и МОН повремено се организираат семинари за едукација на наставниците по одделни програми, за кои потоа во училиштето се спроведува дисеминација.<br>Наставниците реагираат на обемноста на програмите и дел од содржините по одредени предмети. Особено има реакции за обемноста на НПП за прво одделение, за кои наставниците сметаат дека се преобемни, неусогласени со возраста на учениците, со премногу содржини и премалку часови за повторување и утврдување на материјалот.<br>Учениците кои беа анкетирани воглавно се изјаснија дека или не можат или многу малку (делумно) можат да влијаат врз начинот на реализација на НПП на пр. преку искажување на свои лични идеи и мислења.<br>Анкетата на родителите покажа дека повеќето од родителите сметаат дека не</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • Програма со системска промена добиена од БРО, во согласност со МОН<br><br>• Брошури<br><br>• Веб портал | можат да влијаат на реализацијата на НПП, додека помал дел сметаат дека можат да влијаат со давање на свои предлози и забелешки преку соодветна комуникација на родителските средби или состаноците на советот на родители.<br><br>Од увидот во годишните и тематски планирања може да се види дека наставниците ја користат својата креативност и умешност и изработуваат нагледни средства за реализација на квалитетна настава. Меѓутоа, утврден е недостаток од нагледни средства и соодветни учебници по некои предмети. На пример, за странските јазици, по укинувањето на одобренијата на претходните учебници од страна на МОН во 2019 г., веќе две години нема одобрено никакви учебници за работа, иако нови учебници беа најавени уште за учебната 2020/2021 г. Училиштето континуирано набавува нови нагледни средства според потребите на наставниците, но во рамките на своите можности. Сите наставници применуваат ИКТ во наставата и се успешни во реализацијата на истата и покрај тоа што во некои паралелки бројот на ученици е голем.<br><br>Во училиштето функционираат активи по сите наставни предмети и по одделенија и истите работат според своја утврдена годишна програма, а за одржаните состаноци водат записници. |

| **1.3. Воннаставни активности**<br>**Ниво на евалуација – многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Разговор со директорот<br>• Разговор со ученици, наставници и родители<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Програма за дополнителна и додатна настава и воннаставни активности<br>• Пофалници и дипломи<br>• Годишна програма за работа<br>• Благодарници<br>• Анкетни листови за наставници<br>• Web портал<br>• Разговор со стручна служба<br>• Записници од екскурзии, излети, организирани летувања<br>• Евиденција за СУА, воннаставни активности и општествено-корисна работа во е-дневници на паралелките | Училиштето планира и во целост ги реализира воннаставни активности кои ги одразуваат интересите и потребите на учениците.<br><br>Училиштето овозможува поголем дел од учениците да бидат вклучени во воннаставни активности во зависност од нивните желби и можности, не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус или од различни етникуми кои се исто така рамноправно вклучени во активностите во склад со нивните желби и можности.<br><br>Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор и тие имаат водечка улога при реализирањето на воннаставните активности, а наставниците ја имаат советодавната координативна улога.<br><br>Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации и со поддршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, регионално и државно ниво.<br><br>За постигнатите резултати учениците секогаш се наградени или пофалени и истакнати на порталот на училиштето.<br><br>Постои добра соработка помеѓу училиштето и локалната средина во однос на воннаставните активности преку организирање и одржување на различни културни манифестации (концерти и сл.), спортски натпревари, хуманитарни акции (соработка со Црвен крст), еколошки акции и слично, во кои учениците со |

| | |
|---|---|
| | задоволство земаат учество.<br><br>Изведувањето на дел од воннаставните активности е отежнато поради ограниченото време и ограничениот простор, што се должи на двосменското работење во училиштето.<br><br>Исто така, поради слабиот социјален и економски статус на голем дел од учениците и недостаток на државни финансиски средства за таква намена, некои вонучилишни активности се изведуваат во намален обем или воопшто не се изведуваат, како на пример повеќедневни екскурзии, кампови, посети / гостувања во други училишта во земјата и во странство и сл. |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| ЈАКИ СТРАНИ | • Наставата се организира согласно наставните планови и програми<br>• Наставниот кадар е стручен и соодветен за реализација на наставните планови и програми кои се подготвени од страна на МОН и БРО.<br>• Наставниците изготвуваат годишни и тематски процесни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот<br>• Наставниците работат тимски и разменуваат меѓусебни искуства во однос на наставните програми<br>• Училиштето зема активно учество во организирање и учество на обуки, семинари и работилници во текот на учебната година<br>• Училиштето има добра соработка со невладини организации и локалната средина<br>• Учениците слободно, според своите афинитети, заедно со своите родители избираат кој изборен предмет ќе го изучуваат<br>• Секој ученик согласно своите афинитети избира во кои воннаставни |

| | |
|---|---|
| | активности ќе учествува<br>• Училиштето им доделува награди и дипломи на учениците кои го афирмираат училиштето и постигнуваат високи резултати на натпреварите |
| СЛАБИ СТРАНИ | • Голем дел од фондот на учебниците во предметна настава, како и дел од учебниците во одделенска настава, се оштетени и тешки за користење бидејќи се во употреба повеќе од 7-8 години без да бидат заменети со нови, а за некои предмети (Англиски јазик, Француски јазик) МОН нема издадено одобрение за ниту еден учебник во последните две години, па отсуството на учебници го отежнува квалитетното изведување на наставата<br>• Уште пред почетокот на учебната година, или на самиот почеток, наставниците треба подетално и поедноставно да ги запознаат учениците и родителите со наставните планови и програми.<br>• Учениците на се доволно вклучени во планирањето на вонnаставните активности<br>• Ограниченото време и ограничениот простор поради двосменското работење во училиштето делумно го отежнува изведувањето на некои вонnаставни активности. |

**Подрачје 2:  Постигања на учениците**
**Ниво на евалуација : многу добро**

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **2.1** | Постигања на  учениците | • Следење на постигањата на учениците  од различен пол, етничка припадност, по наставни предмети  и по  квалификациони периоди<br>• Подобрување на постигањата на учениците  од различен пол и етничка припадност<br>• Идентификација на ученици со потешкотии во учењето, надарени ученици и  на ученици со посебни образовни потреби<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната / додатната настава<br>• Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование |
| **2.2** | Задржување / осипување на учениците | • Опфат на ученици<br>• Редовност во наставата<br>• Осипување на ученици<br>• Премин на ученици од едно во друго училиште |
| **2.3** | Повторување на учениците | • Ученици што не ја завршуваат годината |

## 2.1 Постигања на учениците
## Ниво на евалуација -многу добро

| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
|---|---|

- Е Дневник на паралелките
- Евидентни листови за успех и поведение
- Прегледи за успех од тромесечие
- Записници од Наставнички совет и одделенски совети
- Записници од стручни активи
- Анкети со наставници , родители и ученици
- Годишна програма за работа
- Извештај за работа на училиштето
- Извештаи од стручна служба
- Споредбени прегледи од резултати од оценувањето
- Разговор со стручна служба
- Програма за додатна и дополнителна настава

Училиштето ги следи постигањата на учениците по сите наставни предмети, по пол и етничка припадност.

Постигнатиот успех на учениците од IV-IX одделение се бележи со оценки, додека кај учениците од I-III одделение со нивоа на описно оценување.
По полова припадност подобар успех постигнуваат учениците од женската популација со просек од 3,92 за разлика од машката популација кои имаат минимално понизок просек од 3,84.

По етничка припадност постигнувањата на учениците се следни:

| | **Одлични** | | **Мн. добри** | | **Добри** | | **Доволни** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Етн. Припад.*** | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |
| ***Македонци*** | 207 | 100 | 110 | 89 | 88 | 73 | 6 | 13 |
| ***Роми*** | / | | 11 | 8 | 28 | 23 | 35 | 74 |
| ***Турци*** | / | | 1 | 1 | 3 | 2 | 2 | 4 |
| ***Албанци*** | / | | 1 | 1 | 3 | 2 | 4 | 9 |
| ***Срби*** | / | | 1 | 1 | / | / | / | / |
| ***Друго*** | / | | / | / | / | / | / | / |
| ***Вкупно*** | **207** | | **124** | | **122** | | **47** | |

За постигањата на учениците родителите се информираат на родителски состаноци, индивидуални средби, со добивање евидентни листови за успех и поведение на учениците и преку електронскиот дневник. Со оглед на пандемијата поради која наставата се пресели онлајн и резултатите за постигнувањата на учениците се доставуваат онлајн преку електронска пошта. Постигањата се следат и при премин на учениците од одделенска во предметна настава особено по предметите македонски јазик и математика (со изработка на споредбена анализа).

Учениците од I — III одделение (вкупно 331 ученик) се описно оценети.

| | |
|---|---|
| | За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни активни форми и методи на работа, креативни техники, употреба на ИКТ во наставата, како и примена на проектот МИО во наставата. Со тоа часовите се поинтересни, комуникацијата е поголема, и се остварува поголема соработка со наставниците. Во врска со тоа се спроведени и анкети со учениците и наставниците и добиените резултати го потврдуваат искажаното. Наставниците ги почитуваат стандардите и критериумите за оценување и со истите ги запознаваат учениците на почетокот на учебната година. Тие имаат изработено и свои критериуми за оценување кои ги применуваат во наставата. Јавно и со образложение ги соопштуваат резултатите од учењето, вршат формативно и сумативно оценување на учениците со што се придонесува за поголема објективност и праведност. Средниот успех на ниво на училиште бележи незначително зголемување: 2020/2021 г. бил **3,80**, додека во 2021/2022 е **3,89**.<br>Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби ја изведуваат главно раководителот на паралелката, предметните наставници и стручната служба: дефектолог, психолог и педагог, како и лични асистенти на учениците со посебни потреби. Подобрувањето на постигањата на овие ученици се врши преку реализација на редовната, додатната и дополнителната настава како и слободните ученички активности.<br>Надарените ученици се идентификуваат од страна на предметните наставници преку оцени, лична евиденција и проценка од секој наставник одделно, како и од прегледите на наградени ученици.<br>За надарените и за сите заинтересирани ученици кои сакаат да ги прошират и продлабочат знаењата по одделни воспитно-образовни подрачја се организираат часови за додатна настава, која е и законска обврска на наставниците.<br>Во Посебната паралелка (комбинирана) има вкупно 2 ученика: 1 во прво и 1 во деветто одделение.<br>- **Во наставната 2020/2021г. постигнати се следниве резултати:**<br>Во текот на учебната 2020/2021 година од вкупно 538 ученици (од IV до IX одделение кои се бројчано оценети), постигнат е **среден успех – 3,80 на ниво на училиште**. Постигнувањата на учениците учениците од I до III одделение за овој временски период се описно оценети (328 ученици).<br>Показателите покажуваат дека ***одлични се*** вкупно ***222 ученици, 125 се многу добри, 123 добри, а 49 се доволни, вкупно 519 се со позитивен успех а, со слаби оценки односно*** |

| | |
|---|---|
| | ***повторувачи се вкупно 32 ученици, додека 12 ученици од I до III се задржуваат во исто одделение односно, повторуваат.***<br>Среден успех на учениците по одделенија:<br><br>(IV) 3,74 (V) 3,81 (VI) 3,73 (VII) 3,85 (VIII) 3,86 (IX) 3,78<br>Среден успех од IV – IX одд. е **3,80**<br><br>Голем е бројот на учениците кои зедоа учество на регионалните и државните натпревари и на истите постигнаа значително високи резултати. За одбележување е учеството на 10 ученици на државни натпревари од кои 8 освоија места/награди. Додека пак, на Меѓународни натпревари, Олимпијада учество зедоа 13 наши ученици, од кои 7 освоија медали.<br><br>**Во наставната 2021/2021 г. постигнати се следниве резултати:**<br><br>На крајот на учебната 2021/2022 година според бројчаната скала од 1 до 5 се оценети учениците од 4 до 9 одделение (вкупно 530 ученици) и постигнат е **среден успех – 3,89 на ниво на училиште**.<br>Постигнувањата на учениците од I до III одделение за овој временски период се описно оценети (вкупно 331 ученик).<br>Показателите покажуваат дека одлични се вкупно ***207 ученици, 124 се многу добри, 122 се добри, а 47 се доволни. Со слаби оценки односно повторувачи се вкупно 30 ученици.***<br><br>Среден успех на учениците по одделенија:<br>IV- 4,01; V- 3,88; VI- 3,88; VII- 3,66; VIII-3,89 и IX-3,95.<br><br>Среден успех од IV – IX одд. е **3,89.** |

| **2.2 Задржување/осипување на учениците<br>Ниво на евалуација - многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Податоци и извештаи од стручната служба<br>• Податоци од одд. раководители и одделенски Е дневници<br>• Податоци од административна служба (секретарот ), и главна книга<br>• Програма за работа<br>• Извештај за работа на училитето<br>• Списоци на деца од реонот на училиштето<br>• Известувања МОН и ДПИ<br>• Интервју со стручната служба | При уписот на учениците во прво одделение се настојува во однос на реонизацијата учениците да бидат максимално опфатени. За таа цел, се преземаат различни активности (писмено известување на родителите, посети на семејства и разговор, информација преку ВЕБ порталот и на огласната табла во училиштето) .<br>Во однос на редовноста на учениците, училиштето континуирано и системски ги следи изостаноците, ги анализира причините за отсуство од настава и навреме превзема конкретни активности за подобрување на редовноста на учениците. Училиштето соработува со родителите и локалната самоуправа за да се зголеми редовноста на учениците при што бележи тренд на подобрување. Просекот на неоправдани изостаноци во учебната 2020-2021 изнесува 12 изостаноци по ученик и бележи значаен пад во однос на учебната 2019-2020 година (27 неоправдани изостаноци по ученик)..<br>Контактите помеѓу наставниците/стручна служба и родителите, се континуирани и навремени и често се разговара за причините за отсуствата од настава, така што врз основа на тоа оваа учебна година имаме намалување на неоправданите изостаноци во однос на претходните.<br>За учениците кои имаат повеќе неоправдани изостаноци, според Правилникот за педагошки мерки, се изрекуваат соодветни педагошки мерки.<br>Училиштето го следи осипувањето на учениците, но тоа во последните години е незначително. Бројот на ученици кои од различни причини го напуштаат нашето училиште (промена на адреса, заминување во странство и сл.) е еднаков или помал со бројот на оние кои доаѓаат од друго место или училиште.<br>При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навреме доставување информации за ученикот до другото училиште, т.е. се издава преведница. |

| 2.3. Повторување на учениците<br>Ниво на евалуација – многу добро | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Увид во педагошка евиденција и документација<br>• Записник од наставнички совет<br>• Годишен извештај за работа на училиштето | Во учебната 2020/2021 година повторуваа 36 ученици, додека во учебната 2021-2022 година вкупно 30 ученици го повторувале одделението.Причините за повторување се нередовното следење на наставата (заминување во странство на неколку месеци), загрозена социјална состојба на родителите, ниско ниво на образование, кое најчесто е неоформено, како и нарушување на воспитната компонента од страна на родителите. Без право на основно образование се вкупно 8 ученици во учебната 2020-2021 година, а во учебната 2021-2022 поради надминување на старосна граница од 16 год. и неисполнување на условот за посетување на редовна настава во основно образование се вкупно 5 ученици. |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| ЈАКИ СТРАНИ | • Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците<br>• Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност<br>• Родителите навреме се известуваат за постигањата на учениците<br>• Училиштето има свои критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите, пропишани од БРО<br>• Родителите, детално се запознаваат со постигањата на учениците и им се овозможува правото на приговор<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку примена на современи форми и методи во наставата ( ИКТ, проекти, презентации, истражувања и сл.)<br>• Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, со посебни потреби и надарените ученици ја вршат наставниците и стручната служба<br>• Подобрување на постигањата на учениците се врши преку организирање и |

| | |
|---|---|
| | реализирање на дополнителна и додатна настава<br>• Зголемување на бројот на учениците кои учествуваат на натпревари и на истите постигнуваат високи резултати.<br>• Училиштето системски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност и социјалното потекло), ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста<br>• Училиштето соработува со родителите и локалната средина во врска оваа проблематика |
| СЛАБИ СТРАНИ | • Учениците од предметна настава имаат помал интерес за додатна настава во однос на учениците од одд. настава<br>• Намалено присуството на родителите на родителските средби кога се соопштува успехот |

**Подрачје 3: Учење и настава**
**Ниво на евалуација : многу добро**

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **3.1** | Планирања на наставниците | • Индивидуални планирања на наставнивите<br>• Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| **3.2** | Наставен процес | • Наставни форми и методи<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приод на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес<br>• Настава „Учење на далечина“ |
| **3.3** | Искуства на учениците од учење | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето<br>• „Учење на далечина“ |
| **3.4** | Задоволување на потребите на учениците | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата<br>• Потреби на учениците за следење на наставата „Учење на далечина“ |
| **3.5** | Оценувањето како дел од наставата | • Методи и форми за оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата<br>• Оценување на учениците за постигнатите резултати по следењето на „Учење на далечина“ |
| **3.6** | Известување за напредокот на учениците | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

| **3.1. Планирање на наставниците<br>Ниво на евалуација – многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ○ - Разговор со директор, педагог, психолог, наставници;<br>○ - Записници од состаноците на стручните активи;<br>○ - Покани за обуки и семинари<br>○ - Извештаи од реализирани обуки<br>○ - Годишна програма за работа на директор, педагог и психолог<br><br>○ Годишни, тематски планирања и дневна подготовка; | Пред почетокот од секоја учебна година, а со цел квалитетна реализација на наставниот план и програма наставниците изработуваат годишни глобални планирања, тематско-процесни и ги доставуваат до стручната служба, додека пак, во текот на годината наставниците изработуваат дневни подготовки (сценарио за часот) во електронска или писмена форма.<br>Од учебната 2021/22 година наставата започна да се реализира според новата Концепција за основно образование и за првпат се воведе во прво и четврто одделение, а оваа учебна година продолжи и во второ и петто одд., додека трето одделение останува со старата програма се до следната 2023/2024 година.<br>Училиштето за поефикасно планирање на наставата на наставниците им дава морална и материјална подршка и тоа:<br>- обезбедува Наставни планови и програми кои им се достапни на наставниците во секое време.<br>- обезбедува стручна литература, дидактички средства, современа компјутерска технологија, надгледни средства<br>- организира едукација/дисеминација на наставниците.<br>Најмалку два пати годишно од страна на стручната служба се следат и анализираат планирањата на наставниците и дневните подготовки и се дава помош и укажува како да се изготвува поквалитетна програма.<br>Дневните подготовки наставниците ги прават секојдневно и тие ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Јасно се утврдени целите и стандардите на наставата, (групирани според Блумовата таксономија), очекуваните исходи од учењето, ресурсите неопходни за тој час, како и наставните методи и форми на работа. Исто така, во планирањата се вклучени и различни методи на оценување и нагласени се и инструменти преку кои се спроведува оценувањето. Информациите добиени од оценувањето наставниот кадар ги користи за да ги идентификува потребите на |

| | |
|---|---|
| | учениците и да ги планира планира следните чекори во учењето.<br>Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, консултирање со колеги од други стручни активи и др.<br>Наставниците своите планирања ги изготвуваат во електронска форма, а стручната служба ги чува во портфолио. Следењето на квалитетот на планирањата го врши стручната служба и директорот на училиштето, два пати во текот на едно полугодие. Дел од нивните работни обврски е и поддршката што им ја даваат на наставниците за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето, за што има пропишани приоди и утврдени процедури. Поддршката доаѓа до израз кога се организираат обуки во училиштето, во други градови и преку семинари. Најчесто темите се во врска со планирањата и оценувањето, работа со ученици со посебни потреби и надарени ученици, нови наставни програми (Концепција за основно образование).<br>Во рамките на стручните активи, разговор со колеги од колективот или од истородни предмети од други училишта, наставниците разменуваат идеи или информации за планирање на наставниот процес. Исто така се применуваат и укажувањата и насоките на советниците и инспекторите.<br>Распоредот на часови го изготвува наставник од училиштето, во консултации со стручната служба и наставниците. Притоа се води сметка за искористеност на просторните капацитети, изедначување на бројот на часови меѓу паралелките заради застапеноста на изборните предмети во редовната настава. До крајот на наставната година, учебната 2020/2021, наставата се изведуваше онлајн. Но, со намалувањето на бројот на заболени од пандемијата, под строго определени услови, следната учебна година се започна со следење на наставата со физичко присуство. Наставниците повторно работат со целосни наставни програми и двосменско работење со часови во времетраење од 40 минути. Исто така наставниците повторно следат онлајн обуки и семинари со физичко присуство и Одделенските и Наставни совети, како и Родителските средби се реализираат со физичко присуство. |

| **3.2. Наставен процес<br>Ниво на евалуација – добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Инструмент за следење на планирањата и подготовката на наставниот час<br>• Инструмент за следење на изведбата на наставниот час;<br>• Увид на час;<br>• Годишни, тематски, дневни планирања;<br>• Годишна програма за работа на директор, педагог и психолог<br>• Интервјуа со наставници и ученици;<br>• Сертификати на наставници;<br>• Прашалник за наставници<br>• Прашалник за ученици<br>• Прашалник за родители<br>• Интерни белешки на наставниците | Наставниците користат разновидни наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Користат добро испланирани методи за да работат со учениците индивидуално, во групи или со цела паралелка. На овој начин, наставниците успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација. При реализација на онлајн наставата наставниците ги прилагодуваат наставните методи, форми и техники согласно начинот на изведување на наставата.<br>Наставниците ги планираат задачите и активностите кои треба да се реализираат во училиштето или како домашна работа, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата. Повеќето од наставниците користат различни извори и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на одобрените учебници и прирачна литература од МОН. Во најголем дел, наставниот процес се реализира со примена на ИКТ (таблите им отстапуваат место на мониторите и ЛЦД проекторите) во наставата, така да учениците и наставниците имаат можност постојано да истражуваат и да стекнуваат нови знаења со пребарување на нови информации, вежби и тн. Наставниците користат различни извори и приоди за учење, не ограничувајќи се само на учебниците и прирачна литература, туку користат едукативни сајтови од интернет, како за време на часовите , така и за домашна задача кога учениците треба да изработат некои проекти. Доказ за тоа се Годишните планирања и дневните планирања на наставниците, од разговор со учениците за одржаните часови и примената на ИКТ во наставата, разговор со стручна служба.<br>Бидејќи пандемијата со вирусот Ковид 19 сеуште траеше, наставата во уч. 2020/21 г. се реализираше онлајн ( за учениците од 4 – 9 одд., додека учениците од 1- 3 одд. следеа настава со физичко присуство, но со строго почитување на протоколите за заштита од Ковид 19, пропишани од |

| | |
|---|---|
| | Министерството за здравство. За таа цел МОН во соработка со Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) и БРО изготвија Национална платформа за реализација на онлајн настава, сите наставници проследија обуки за користење на истата, а секој ученик доби код и лозинка за најава на платформата.<br>Откако заврши пандемијата, наставата од минатата учебна година (2021/22) продолжи да се изведува со физичко присуство, за сите ученици од 1-9 одд.<br><br>Учениците се запознати со целите на учењето. Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, а се со цел да се подобри учењето и да се гради доверба помеѓу наставниците и учениците. Наставниците користат позитивни приоди да ги поттикнат и мотивираат учениците активно да земаат учество во наставниот процес (преку пофалби, разговори). Во зависност од наставниот материјал и типот на час учењето е помалку или повеќе активно и динамично. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалната положба и етничката и религиска припадност. Им даваат безрезервна поддршка при соочување со проблемите и потешкотиите при реализацијата на онлјан часовите.<br>Во текот на учебната година најмалку два пати во годината се врши увид на час и на онлјан час исто така, од страна на стручната служба и директорот кај сите наставници, а потоа се вршат консултации со секој наставник се со цел да се подобри наставата. |

| **3.3 Искуства на учениците од учењето**<br>**Ниво на евалуација - многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Прашалник за ученици<br>• Прашалник за родители<br>• Прашалник за наставници<br>• Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците<br>• Кодекс за однесување | Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење. На најголем дел од учениците и родителите им се допаѓа средината за учење, особено после воведувањето на кабинетската настава. Исто така најголем дел од нив сметаат дека училниците се во уредна состојба и дека можат и тие да учествуваат со своите трудови во нивно разубавување. Трудовите на учениците се транспарентни и се изложуваат во училницата и во холот на училиштето, на места предвидени за таа намена.<br>Повеќето ученици сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и со охрабрувања од страна на наставниците, се повеќе се мотивираат што поголем број ученици да земаат активна улога во самиот час. Поради дотраеноста на комјутерите со текот на изминатите години, поголем број од нив не можат да се стават во функција и за таа цел училниците се опремуваат со телевизори.<br>Училиштето нуди солидна средина за учење, солидно опремени кабинети, ТВ, реновирани санитарни јазли и тоалети, кујна со трпезарија, библиотека со над 7000 наслови, опремена фискултурна сала, средени училници со одреден број нагледни и наставни средства, посебен приод за инвалидизирани лица. Има доволен број на училници, простории, просторни услови со одлична атмосфера за работа.<br>Анкетата со учениците покажува дека поголем дел од нив сметаат дека хигиената делумно задоволува, и може да биде на повисоко ниво, особено во тоалетите.<br>Учениците сметаат и дека училиштето има организирани форми на поттикнување и мотивирање и овозможува солидна соработка меѓу самите ученици и меѓу учениците и наставниците. Не постои никаква родова поделеност во училиштето.<br>Нивната активност во училиштето се гледа во учество во проектни активности, организирање еко-трибини, изготвување флаери со еколошки |

| | |
|---|---|
| | пораки, дебати, трудови со еко-пораки, учество во натпревари и сл. На овој начин се врши влијание на свеста на учениците за консумирање здрава храна, чување на природата и околината во која се учи и живее,како и стекнување на основните човечки вредности . |

| **3.4 Задоволување на потребите на учениците<br>Ниво на евалуација - многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Прашалник за ученици<br>• Прашалник за родители<br>• Прашалник за наставници<br>• Разговор со ученичката заедница, наставниците<br>• Увид во евиденцијата на стручната служба<br>• Е - Дневници за одделенска и предметна настава<br>• Годишна програма за работа на директор, педагог и психолог<br>• Годишен извештај за работата на училиштето | Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби на учениците, а пречките во процесот на учење на секој ученик се идентификуваат систематски.<br>Се превземаат многубројни активности за исполнување на образовните потреби и отстранување на пречките. За таа цел училиштето се потруди сите училници да ги снабди со ЛЦД телевизори кои се од голема помош и потреба при презентирање на наставните програми и успешна реализација на наставните содржини со цел учениците да добијат трајни и квалитетни знаења. Исто така обезбедени се интерактивни табли и интерактивни панели во дел од училниците со кои се овозможува реализирање на покреативна, мотиврачка и поуспешна настава, а со тоа и зголемување на интересот на учениците за поголемо вклучување во реализирањето на наставните задачи.<br>Образовните потреби се идентификуваат според постигнатите резултати по одреден предмет, активност на час, интересот на одредени ученици во одредени области и сл. За своите образовни потреби учениците разговараат со одд. раководител, на одд. часови, а со наставниците на одделенски и Наставнички совет и на Совет на родители. Според нивните потреби тие може да посетуваат дополнителна настава (за послабите ученици ), додатна настава |

| | |
|---|---|
| | и СУА (за учениците кои покажуваат особен интерес).<br>За воспитно-образовните потреби и проблеми учениците дискутираат и на ниво на Ученички парламент. За проблемите во врска со учењето или социјализацијата секој ученик може да се обрати и до педагошко-психолошката служба и да разговара за истите, како и за начинот на нивно решавање.<br>Сите наставници се трудат да ги идентификуваат различните образовни потреби на учениците и при тоа имаат поддршка од директорот и стручната служба. Различните потреби на учениците во врска со учењето се задоволуваат преку натпревари, квизови, интерактивни и интегрирани активности, посета на разни институции, излети, екскурзии, настава во природа презентации, учење по диференцијални нивоа. Се почитуваат од страна на наставниците и други потреби на учениците: повторно објаснување на нејасни наставни содржини, по потреба се повторуваат тестовите на кои дел од учениците покажале послаби резултати, се прифаќаат оправдани извинувања за неспремност за одговарање на материјал, ослободување на ученици од часови за натпревари - училишни и вонучилишни, изнаоѓање начин на подобрување на успехот, оценките, со вложен труд и знаење, разбирање за отсуства, особено заради болест и/или учество на спортски и културни манифестации во и вон државата и се прави прилагодување на испрашувањето – проверувањето на знаењата во таа насока.<br>Во училиштето исто така функционира и комбинирана паралелка за ученици со посебни потреби.<br>Во изминатите две учебни години скоро сите наставници поминаа различни обуки за унапредување на образовниот процес и со тоа го продолжија своето професионално усовршување во функција на изведување квалиstетна настава.<br>• Од страна на БРО, УСАИД/ПЕП, МЦГО, фондацијата Чекор по чекор,и други, беа реализирани обуки за наставниците, стручните соработници и директорот на теми кои придонесуваат поквалитетно образование на учениците: реализација на нови наставни програми во одд. настава според новата Концепција за основно образование, и Кембриџ програмата, Меѓуетничка интеграција во образованието, работа со деца со посебни образовни потреби и работа со талентирани |

| | |
|---|---|
| | ученици и др.<br><br>• Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање: редовна настава, дополнителна и додатна, слободни ученички активности, темелно објаснување на материјалот, разговор за нивните интереси, за актуелни теми, проблеми од лична природа. За поефикасно решавање на проблемите поврзани со учење на учениците, се водат индивидуални разговори и со родителите. |

| **3.5 Оценувањето како дел од наставата<br>Ниво на евалуација - многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Програма за работа на училиштето;<br>• Стандарди за оценување;<br>• Увид во педагошка евиденција и документација;<br>• Користени инструменти за оценување(тестови на знаење, чек листи);<br>• Примери на оценети ученички трудови;<br>• Прашалници за ученици и наставници; | Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Учениците и поголем дел од родителите се запознати како со стандардите и критериумите за оценување .<br>Поголем дел од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците (формативно и сумативно) Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е објективно, транспарентно и честопати проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.<br>Се оценуваат усните и писмените одговори со различни нивоа на барања според способностите на учениците ( тестови, квизови, контролни задачи, наставни листови, писмени задачи), како и проектните активности и степенот |

| | |
|---|---|
| • Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>• Инструмент за следење и вреднување на работата наставникот за оценувањето на постигањата на учениците. | на ангажираност во наставните и вонnаставните активности. Се оценува описно и бројчано, согласно Законот за основно образование. Се зема впредвид степенот на ангажираноста на учениците, нивната самостојност, доследност во работата и одговорност.<br>Наставниците редовно им даваат исни и писмени повратни информации на учениците за нивната работа.<br>Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата. |

| **3.6 Известување за напредокот на учениците<br>Ниво на евалуација- многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Електронски дневник;<br>• Увид во педагошка евиденција и документација;<br>• Анкети со родители;<br>• Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>• Писмени извештаи;<br>• Евидентни листови. | Информирањето на родителите за напредокот на секое дете се врши преку утврден систем за известување. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање јавно и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајки и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, односно редовни и вонредни родителски средби и индивидуални средби со родителите, кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите. Редовните родителски средби се одржуваат по однапред утврден ред и на нив родителите се запознаваат со општиот успех на учениците, дисциплината и однесувањето на учениците како и информации на родителите во врска со тековни прашања. По интерес на родителите може и да се разгледа поединечниот успех на учениците. Родителите добиваат пишани извештаи и Евидентни листови со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. Вонредни родителски средби се одржуваат кога |

| | |
|---|---|
| | за тоа ќе се јави посебна потреба.<br>Индивидуалните средби се одржуваат по иницијатива на наставникот, педагогот, психологот, директорот, или на иницијатива на самиот родител.<br>Средби со родителите остварува и психологот и притоа ја реализира и Програмата за советување родители, чии деца покажуваат послаби резултати, неоправдано отсуствуваат или асоцијално се однесуваат.<br>Секој наставник има определен термин за консултативни поединечни средби со родителите и тоа најмалку еден час седмично.<br>Електронската евиденција на постигањата на учениците (електронски дневник), уредно е водена од повеќето наставници. Известувањето на родителите по електронски пат функционира континуирано. |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| ЈАКИ СТРАНИ | • Секој наставник подготвува годишно планирање кое го доставува до стручната служба на почетокот на уебната година и тематско процесно планирање една до две седмици пред почетокот на темата.<br>• Наставниците изработуваат и критериуми за оценување кои се вметнати во тематските процесни планирања<br>• Наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час (сценарио) кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот<br>• Стручната служба најмалку два пати во едно полугодие ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата<br>• Наставниците, размената на искуствата и информациите при планирањата на наставниот процес ја прават тимски и на ниво на стручен актив<br>• Наставниците користат разновидни наставни методи и форми на работа, соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење<br>• Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел учениците да стекната трајни знаења. На |

| | |
|---|---|
| | овој начин се гради доверба помеѓу наставниците и учениците.<br>● Приодот на наставникот со учениците е индивидуален и адекватен според можностите, способностите и интересите на ученикот.<br>● Сите наставници беа обучени за користење национална платформа за изведување онлајн настава<br>● Училиштето има пропишано интерна процедура за следење на наставниот процес, и кај секој наставник се врши посета на час од страна на директорот и стручната служба, најмалку два пати во годината<br>● Учениците сметаат дека во училиштето постои стимулативна и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење.<br>● Учениците учествуваат во давање предлози и преземање одговорност<br>● Не постои родова и етничка поделеност во училишптето<br>● Наставниот кадар системски и со користење на разновидни техники ги препознава и води грижа за образовните потреби на секој ученик, преку реализација на задолжителната настава и воннаставните активности. За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите<br>● Секој ученик има целосна поддршка и од педагошко-психолошката служба , во решавањето на воспитно-образовните проблеми<br>● Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците.<br>● Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување.<br>● Наставниците користат различни форми и методи на оценување. Оценувањето е објективно, јавно и честопати проследено со повратна информација која им помага на учениците да ги подобрат своите знаења<br>● Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно се применува<br>● Средбите со родителите добро се организирани, а за постигањата на учениците родителите добиваат евидентни листови, свидетелства, |

| | |
|---|---|
| | дипломи.<br>• Со пристап во е – дневникот секој родител може да биде информиран за оценките и редовноста на своето дете<br>• Средби со родителите одржува и психологот и притоа ја реализира Програмата за советување родители |
| СЛАБИ СТРАНИ | • На родителските средби редовно доаѓаат родителите на учениците што покажуваат повисоки резултати |

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**
**Ниво на евалуација : многу добро**

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **4.1.** | Севкупна грижа | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитетна достапна храна<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| **4.2.** | Здравје | • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми |
| **4.3.** | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | • Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>• Грижа за учениците со емоционални потешкотии |
| **4.4.** | Следење на напредноста | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

<table>
<tr><th colspan="2">4.1 Севкупна грижа за учениците<br>Ниво на евалуација - многу добро</th></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Кои информации се собрани</th></tr>
<tr><td>• Интервју со секретарот на училиштето<br>• Интервју со директорот<br>• Годишен извештај на училиштето<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Распоред за дежурства на наставниците<br>• Кодекс на однесување на наставниците и учениците<br>• Правилник за заштита и спасување од елементарни непогоди<br>• Годишна програма за работа на педагогот, психологот и спец. едукатор и рехабилитатор<br>• Закон за основно образование<br>• Евидентни листови за работа со ученици и родители,<br>• Одд. Е дневник, записници од одделенски заедници<br>• Дневник за работа на директорот и стр. соработници</td><td>Во училиштето постојат документи План за заштита и спасување и Правилник за заштита од пожари, поплави и земјотреси со кои се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни непогоди.<br>Хидрантните бази и ПП апарати редовно се сервисираат и проверуваат.<br>Еднаш во текот на учебната година во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување се спроведува противпожарна вежба во училиштето.<br>Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на наставниците и учениците кон кој е договорено сите да се придржуваат. Кодексот е истакнат на видно место во училиштето каде што може секој да го прочита.<br>Одговорните и дежурни наставници се грижат за одржување на дисциплината и безбедноста на учениците за време на одморите. Исто така во училиштето има присутно и лице за обезбедување кое се грижи за безбедноста во училиштето за време на наставата.<br>Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот и тн.) се безбедни, обновени целосно и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.<br>Сите опасни места во училиштето и училишниот двор (шахти, штекери и сл.) се заштитени и не претставуваат опасност за учениците. Доколку се случи понекогаш, капаците од шахтите да бидат украдени од непознати лица, отворените дупки повторно се покриваат со метални или бетонски капаци.<br>Училиштето располага и со прирачна аптека за прва помош.<br>Одделенските раководители ги информираат учениците (на одделенскиот час, на состаноците на одделенската заедница) дека во училиштето од педагошко-психолошката служба можат да добијат стручна помош, информација во врска со воспитно-образовната работа или решавање на проблеми актуелни за нивната возраст – всушност педагогот и психологот</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • Програма од Образование за животни вештини<br>• Увид во просториите на училиштето и училишниот двор<br>• Извештај од работењето на еко-одборот<br>• Анкета со родители и ученици | вршат советодавна инструктивна работа со учениците. Најнапред се води разговор со ученикот кој има проблем. Зависно од тоа дали е проблемот во врска со некаков конфликт со друг ученик, нередовност во наставата, несоодветно однесување со училишниот инвентар – соодветно се разговара со ученикот. Исто така ваква информација им се дава и на родителите. Се повикуваат родителите на разговор од страна на педагогот, психологот и одделенскиот раководител и се запознаваат со проблемот кој го има ученикот, отворено се разговара со родителот и понатаму се превземаат мерки за подобрување и решавање на проблемот. Во присуство на наставникот, ученикот и родителот се изрекуваат соодветни воспитни мерки пропишани со Законот за основно образование.<br>Училиштето им дава поддршка и на учениците со посебни образовни потреби. ( од посебната паралелка и инклузираните ученици во редовна настава). Во новоотворената сензорна соба, со нив работат двајца специјални едукатори и рехабилитатори, а во соработка со Ресурсниот центар на секое дете му е доделен и образовен асистент, а по претходно дадена согласност од страна на нивните родители. Тие исто така работат во корелација со наставниците изготвуваат индивидуални образовни планови во согласност со способностите и можностите на ученикот.<br>Во училиштето е забрането: пушење, консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции што подразбира дека во училиштето (учлниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол, и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции.<br>Во соработка со локалната заедница, МВР и Црвен крст, училиштето спроведува работилници и предавања на тема спречување на користење на алкохол, дрога и други опојни супстанци, заштита од распрскувачки материјали (петарди).<br>На часот на одделенска заедница одделенскиот раководител според програмата за Образование за животни вештини реализира наставни содржини и работилници кои опфаќаат и теми од справување со конфликтите и насилничкото однесување, грижа за менталното здравје, превенција од пушење и пиење алкохол и слично. |

| | |
|---|---|
| | Во склоп на училишната зграда има кантина којашто е достапна за учениците од каде што можат да си купат храна, но квалитетот на истата не го одредува училиштето, туку концесионерот.<br>Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот.<br>Во училиштето просторот во ходниците и скалите е тесен и во целост не дозволува комотно движење на учениците и вработените. Но со поголема дисциплина на движење овој недостаток е занемарлив.<br>Училиштето има начин на олеснување на движењето во училиштето на децата кои се здобиле со телесни повреди (скршеници на раце и нозе, операции). Во училиштето има поставено пристапни рампи за ученици со телесен инвалидитет. Се користат училници на приземје, учениците со посебни потреби добиваат помош од соучениците, на пример во носење на училишната чанта и помош при движењето.<br>Одредени невладини организации инцидентно се вклучуваат во давање помош за учениците од социјално загрозени семејства – помош во училишен прибор. Во текот на овој период на некои ученици од социјално загрозени семејства им беше доделена дигитална опрема, со цел непречено следење на онлајн наставата.<br>Училиштето, за целосна интеграција на учениците од социјално загрозените семејства во наставните и вонаставните активности самоиницијативно одлучува да им помогне, преку организирање бесплатни научни екскурзии и полуматурски забави, спроведување хуманитарни акции за собирање парични средства, облека, храна и играчки, со цел помагање на социјално загрозените семејства.<br>Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на изворот (семејно насилство, семејна негрижа, развод, болест во семејството, постконфликтни ситуации...). Со нив разговара стручната служба во училиштето, која им помага преку советодавни разговори и ги упатува до релевантни институции.<br>Училиштето соработува со здравствените установи, Центар за социјална работа, Полициска станица, Противпожарна служба, Дирекција за заштита и спасување и други компетентни институции. |

| | |
|---|---|
| | Резултати од Анкетата со родители:<br>Беа анкетирани 123 родители на прашањата:<br>- Дали сте информирани за напредокот, редовноста и поведението на Вашето дете од страна на училиштето?<br>Да – 115 (93%) Не – 3 (3%) Понекогаш – 5 (4%)<br>- Во училиштето на вашето дете редовно се спроведуваат предавања за превенција од алкохол, пушење и дрога?<br>Да - 45 (37%), Не - 23 (18%), Не знам - 56 (45%)<br>- Дали сте задоволни каква храна му е достапна на вашето дете во училиштето?<br>Да – 10 (8%) Не – 90 (73%) Делумно – 23 (19%)<br><br>Резултати од анкета за ученици: анкетирани 50 ученика од кои 30 женски и 20 машки.<br><br>- Дали училиштето Ви обезбедува заштита од повреди за време на престој во истото?<br>Да – 40 (80%) Не - 2 (4%) Делумно - 8 (16%)<br><br>- Во училиштето се спроведуваат предавања за превенција од пушење, алкохол и дрога?<br>Да – 36 (72%) Не – 4 (8%) Не знам - 10 (20%)<br>- Квалитетот на достапната храна во училиштето задоволува:<br>Да – 15 (30%), Не - 10 (20%), Делумно - 20 (40%), Воопшто не задоволува – 5 (10%) |

<table>
<tr><th colspan="2">4.2 Здравје<br>Ниво на евалуација - добро</th></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Кои информации се собрани</th></tr>
<tr><td>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Годишен извештај<br>• Одделенски дневници<br>• Фотографии<br>• Потврда за извршена ДДД услуга</td><td>Хигиената во училиштето делумно задоволува. Тоалетите за наставниците и учениците се чисти и дезинфицирани. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два пати во денот. Подот и мебелот во училниците се чистат два пати во денот (пред почетокот на секоја смена и на крајот на денот). Останатиот училишен простор се чисти еднаш во денот. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чисти два пати годишно – обавезно на секој распуст. На почетокот на секоја учебна година санитарен инспектор континуирано ја проверува хигиената во училиштето и дава дозвола за непречено одвивање на наставата. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се поззеленети и редовно се одржуваат.<br>Во согласност со тамошната ситуација предизвикана од пандемијата со Sars-Cov-2, во училиштето пред секој влез и секоја училница се вршеше редовна дезинфекција и редовно мерење на температура на учениците, вработените и разни странки кои влегуваа во училиштето.<br>Во текот на учебната година се реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња.<br><br><u>Резултати од Анкетата со родители:</u><br>Беа анкетирани 123 родители:<br>Дали училиштето ги задоволува основните хигиенски услови?<br>Да - 60 (49%) Не – 10 (8%), Делумно – 53 (43%)<br><br><u>Резултати од анкетата со ученици:</u><br>Беа анкетирани 50 ученици:<br>Дали училиштето ги задоволува основните хигиенски услови?<br>Да - 23 (46%), Не - 6 (12%), Делумно - 21 (42%)</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**<br>**Ниво на евалуација – многу добро** | |
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Годишна програма за работа на педагогот и психологот<br>• Анкети за родители и ученици | Во изборот на нивното понатамошно образование училиштето им помага на машките и женските ученици, така што ги информира за мрежата на средни училишта во државата и условите за упис во истите, им овозможува директна средба со наставници од други училишта кои вршат презентација на своите училишта. Учениците се информираат и учат за изборот на идното занимање. Потесно се запознаваат со работните активности за секој вид занимање, сложеноста на работата и работните задачи на одделни занимања, класификација на занимањата според сложеноста на групите и видот на работата, се со цел полесно да ги дефинираат своите интереси и да направат правилен избор.<br><u>Резултати од анкетата со родители:</u><br>Беа анкетирани 123 родители:<br>-Дали сте информирани дека училиштето врши презентација на средни училишта, како би им помогнала на учениците од 9-то одделение полесно да се определат при запишување во средно училиште?<br>Да – 82 (67%), Не – 41 (33%) |

| **4.4 Следење на напредокот на учениците**<br>**Ниво на евалуација – многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Одделенски Е дневник.<br>• Годишен и полугодишен извештај на училиштето | Училиштето води евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења (преку континуирано оценување – формативно и сумативно), присутност (редовно евидентирање на присутноста), нивното |

| | |
|---|---|
| • Записници од состаноците на стручните активи<br>• Записници од наставничките и одделенските совети<br>• Портфолио на ученик | поведение (непосредно набљудување) и евиденција на изречени педагошки мерки. Ваквата евиденција им е достапна на сите наставници, родители и ученици. Следењењето на напредокот на учениците е евидентирано во електронскиот дневник. Родителите редовно најмалку 4 пати годишно се известуваат за напредокот на учениците на родителски средби или на индивидуални средби – во термините за прием на родители на секој наставник (распоредот е истакнат во холот на училиштето). Напредокот на учениците се бележи и во евидентни листови за секое тромесечие. На крај на годината учениците добиваат свидетество за постигнатиот успех. Одделенските наставници на крајот на секое полугодие поднесуваат извештај за успехот на секој ученик, целото одделение и успех на учениците по предмети, слаби оценки по ученици и слаби оценки по предмети. Учениците кои постигнуваат забележителни резултати и освојуваат награди на државни натпревари се наградуваат со диплома и пригодна награда од страна на училиштето. |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| ЈАКИ СТРАНИ | • Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата;<br>• Во училиштето има План за заштита и спасување и Правилник за заштита од пожари, поплави и земјотреси со кои се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни непогоди;<br>• Училиштето е безбедно за изведување настава и инфраструктурата (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот и тн.) се обновени целосно и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците;<br>• Училиштето има донесено Кодекс за однесување на учениците и наставниците;<br>• Училиштето располага со прирачна аптека за прва помош; |

| | |
|---|---|
| | • Училиштето ги користи сите законски прописи за санкционирање на сите облици на насилно однесување и во случај на поднесување поплаки училиштето реагира навремено и непристрасно, согласно Законот;<br>• Со отворањето на Центарот за поддршка за деца со посебни потреби и сензорната соба, континуираната работа на специјалните едукатори и рехабилитатори се бележи подобрување во образованието и рехабилитацијата на децата со посебни образовни потреби.<br>• Ангажирани образовни асистенти за децата со посебни потреби;<br>• Учениците знаат што е насилство, можат да го препознаат и знаат каде да го пријават;<br>• Училиштето води грижа на учениците со телесни пречки во развојот;<br>• Училиштето соработува со локалните субјекти во наоѓање начини за спречување на користење алкохол и наркотични средства;<br>• Училиштето организира хуманитарни акции за од ученици и им помага на децата од социјално загрозените семејства;<br>• Во случај на појава на заразна болест, училиштето ги спроведува препорачаните мерки и процедури за превентивна заштита, односно за заштита од ширење на истата;<br>• Училишниот двор редовно се одржува чист;<br>• Редовно се реализираат еколошки и работни акции во училиштето;<br>• Учениците од деветто одделение имаат можност да присуствуваат на повеќе презентации од претставници од средни училишта кои ќе им помогнат при изборот на нивното понатамошно образование;<br>• Училиштето соработува со здравствени установи, Центар за социјални работи, полициска станица, противпожарната станица, Центарот за заштита и спасување и други компетентни институции;<br>• Во училиштето има обучен кадар за давање прва медицинска помош и заштита при несреќен случај;<br>• Училиштето води евиденција за напредокот и поведението на учениците во секој одделенски дневник; |

| | |
|---|---|
| | • Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските наставници со родителите за постигањата на учениците, (на родителски или индивидуални средби или со пристап во Е-дневникот);<br>• Учениците кои постигнуваат успех на натпревари се наградуваат со дипломи и пригодни награди;<br>• Училиштето има прилагоден пристап за лицата со телесни пречки. |
| СЛАБИ СТРАНИ | • Квалитетот на храната којашто им е пристапна на учениците не задоволува;<br>• Поголема информираност кај родителите за активностите во училиштето (предавања за превенција за алкохол, пушење и наркотични средства, за презентации за средни училиште за учениците од 9-то одделение, и работилници од разни видови);<br>• Хигиената во училиштето делумно задоволува. |

**Подрачје 5: Училишна клима**
**Ниво на евалуација : многу добро**

| *Број* | *Индикатор за квалитет* | *Теми* |
|---|---|---|
| 5.1. | Училишна клима и односи во училиштето | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| 5.2. | Промовирање на постигањата | • Промовирање на личните постигања на учениците<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| 5.3. | Еднаквост и правичност | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултуризмот |
| 5.4. | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница<br>• Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

| 5.1 Училишна клима и односи во училиштето<br>Ниво на евалуација – многу добро | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Годишен извештај на училиштето<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Кодекс на однесување на наставниците и учениците<br>• Анкети на ученици, наставници и родители,<br>• Пофалби, награди, признанија<br>• Кодекс на училиштето<br>• Годишни планирања на содржините од Образование за животни вештини и др. наставни предмети<br>• Правилник за изрекување педагошки мерки<br>• Записници од наставнички совети<br>• Усни разговори | Високиот квалитет на работа, одличните постигања на учениците во различни области, како и остварувањето на зацртаната визија и мисија се одлика на училиштето.<br>Грижата за здравјето и безбедноста на учениците е на високо ниво, но сеуште има простор и потреба за унапредување. Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива добар респект кај родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.<br>Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на учениците и наставниците, како и Еко кодекс во рамките на програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем. Во изготвувањето на овие кодекси подеднакво учествуваа сите структури во училиштето, како и родителите.<br>Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржување на постојано добра атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Речиси сите ученици (без оглед на способностите, род, етничка припадност, вера и потекло) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.<br>Дисциплината на учениците општо земено е добра. Постои работна атмосфера за време на часовите и вонаставните активности. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците при приемот и заминувањето од училиште, внимателно и авторитетно се справуваат со проблеми кои се |

| | |
|---|---|
| | однесуваат на дисциплината и редовноста, поради што нема пореметувања во наставниот процес. Повремено се јавува проблем со дисциплината на учениците за време на одморите, особено со дисциплината на учениците кои доаѓаат на училиште но честопати не влегуваат на час. Училиштето редовно и навремено ги известува нивните родители и ги повикува на разговори и советувања, но соработката со нив честопати изостанува заради нивната негрижа и незаинтересираност. Користејќи ги законските решенија во основното образование тие родители во недоглед го одложуваат и избегнуваат нивното доаѓање во училиштето. Процедурите и санкциите се бавни и неефикасни, па сето тоа се одразува и на натамошното однесување и дисциплината на учениците. За решавање на таквите проблеми со дисциплината, на училиштето му е неопходна поголема помош и поддршка од други институции, во прв ред социјалните служби. Во рамките на законските прописи училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците кои ја нарушуваат дисциплината за време на наставата или на одморите. |

| **5.2 Промовирање на постигањата<br>Ниво на евалуација – многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Годишен извештај;<br>• Одделенски Е дневници;<br>• веб страна на училиштето;<br>• изложени трудови на учениците;<br>• медиумско промовирање на постигањата на учениците;<br>• анкети со ученици и наставници; | За училиштето се од големо значење постигањата на сите ученици. Наставниот кадар ја организира средината за учење со поставување на јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците се мотивирани за соодветни постигања како на ниво на училиште така и на национално ниво. Наставниот кадар го користи пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето ги промовира постигањата на учениците во рамките на училиштето и во пошироката локална средина. На одлично одржуваната веб-страна редовно се објавуваат информации за поважните настани и постигнувањата на учениците, но и на наставниот кадар. Учениците имаат можности (согласно своите способности и интереси) да ги изразат своите |

| | |
|---|---|
| • признанија, пофалници, дипломи;<br>• реализирани проекти и проектни активности;<br>• посетени обуки и семинари;<br>• Сертификати на наставниците;<br>• Дипломи на учениците;<br>• Реализирани проекти. | креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности.<br>Училиштето има политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво. Реализирани се повеке проектни активности од страна на наставниците и студиски посети надвор од државата.<br>Многубројните спроведени работилници, семинари и обуки укажуваат на фактот дека наставниците континуирано го надградуваат своето знаење.Успесите на учениците и наставниците се покриваат и медиумски.<br>Учениците кои во текот на школувањето завршуваат со континуиран одличен успех и пред се кои постигнале високи места на државни или регионални натпревари се стекнуваат со титулата **ученик** или **првенец на генерацијата**. На овие ученици директорот им доделува Диплома и ги наградува со пригоден подарок. |

| **5.3 Еднаквост и правичност**<br>**Ниво на евалуација– многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Записници од родителски средби;<br>• Годишни планирања по предметите;<br>• Годишна програма за работа на училиштето, педагошка евиденција и документација во однос на вклученост на учениците во воннаставни активности;<br>• Годишен извештај за работата на училиштето;<br>• годишни планирања по сите предмети; | Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето превзема активности за да ги запознае родителите со правата на децата.<br>Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите, за време на наставата и воннаставните активности. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да препознаваат конкретни ситуации на дискриминација и како да се справуваат |

| | |
|---|---|
| • анкети за родители, ученици и наставници;<br>• Записници од стручна служба<br>• Реализирани часови по МИО проектот;<br>• Културно забавни манифестации;<br>• Уметнички изложби;<br>• Учество на натпревари;<br>• Спортски натпревари. | со нив.<br>Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната и верската разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група припаѓаат. Училиштето организира заеднички наставни и воннаставни активности наменети за културно-етнички мешани групи и користи различни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште. |

| **5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**<br>**Ниво на евалуација- многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен)<br>• Записници од Совет на родители и родителски средби<br>• анкети со родители и наставници<br>• Статут на училиштето<br>• Договори со деловна заедница | Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето. Имено, училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето во рамките на формалните нивоа на одлучувања (Совет на родители, родителски средби и Училишен одбор). Комуникацијата на училиштето со родителите се сведува на одржување на најмалку две родителски средби во едно полугодие, а редовно се одржуваат и индивидуални родителски средби. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Секој наставник има одредено неделен термин за прием на родители, но соработката со родителите се остварува и во секое друго време кое е погодно за родителите.<br>Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведувања на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето промовира и прифаќа вклучувања на волонтери од заедницата во наставните и |

| | |
|---|---|
| | вonнаставните активности.<br>Училиштето остварува квалитетна соработка со деловната заедница. Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата.<br>Училиштето соработува и со невладиниот сектор, постојат добри практики во досегашната работа кои ги оценуваме како исклучително важни. |

| ***Извори на податоци- прашалници*** | ***Кои информации се собрани – анализа*** |
|---|---|
| • Анкета со родители;<br><br>• Анкета со ученици;<br><br>• Анкета со наставници;<br><br>• Разговори, дискусија со наставници, педагошко-психолошка служба, со дефектолози и директорот на училиштето | **<u>Резултати од спроведената анкета</u>**<br><br>Од спроведената анкета за родители, од вкупно 90 анкетирани родители на прашањето: „Колку сте задоволни од работата на училиштето? “ –<br>57 % (или 51 испитаник) од родителите одговориле -Сум задоволен/задоволна, а 40% (или 36 испитаника) одговориле многу сум задоволен/задоволна, а 3% (или 3 испитаника) одговориле- не сум задоволен.<br>На прашањето: „Дали искрено разговарате со одд. раководител или наставниците на вашето дете ?“ – 90%( 81 испитаник) од родителите одговориле со Да, 9%(8 испитаника) одговориле со –Делумно искрено и 1% (1 испитаник) одговорил со -Не. На прашањето: „Дали и колку ги почитувате наставниците на вашето дете?“ -98 % или ( 88 испитаници) одговориле со Да, многу ги почитувам, а 2% (2 испитаника) одговориле со- Делумно ги почитувам.<br><br>Од спроведената анкета за ученици, од вкупно 104 анкетирани ученици на прашањето: „ Дали другаруваш (имаш другарче) со ученик со посебни и физички потреби?“ - 38% или ( 40 ученици) одговориле со Да, а 62 % или ( 64 ученици ) одговориле со Не. На прашањето: „Дали сте задоволни од другарското однесување во вашето одделение?“-41% или (43 ученици) одговориле со Делумно, 4% или ( 4 ученици ) одговориле со Не и 55% или ( 57 ученици) одговориле со Да. На прашањето: „ На кој начин во училиштето ги |

| | |
|---|---|
| | искажувате своите лични постигања?" -учениците ги дале следниве одговори:<br>- - Со домашни задачи; 73<br>- Писмен и устен говор; 57<br>- Со кревање на рака; 62<br>- Со работа во групи; 30<br>- Активности; 46<br>- Домашни активности; 40<br>- тестови; 58<br>- Наставни листови; 54<br>-Давање на одговори на поставено прашање; 48<br>-Преку учење, успеси и награди; 20<br>-Натпревари со другите одделенија; 10<br>-Пофалби 15<br>-Усмено и писмено изразување; 40<br>-Изложба на цртежи; 17 |

| **РЕЗУЛТАТИ** | |
|---|---|
| ЈАКИ СТРАНИ | • Училиштето има критериуми за оценување на учениците;<br>• Училиштето ја анализира и вреднува етничката, културната и верската разноликост во училиштето;<br>• Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците;<br>• Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност;<br>• Родителите навреме се известуваат за постигањата на учениците;<br>• Позитивна комуникација помеѓу вработените;<br>• Обучен наставен кадар;<br>• Вклученост во голем број на проекти; |

| | |
|---|---|
| | • Еднаков третман на сите ученици без разлика на пол, вера и национална припадност;<br>• Вклученост на родителите во животот и работата на училиштето преку Советот на родители и секојдневната соработка индивидуална и групна;<br>• Тимска соработка во самите одделенските стручни активи и самите предметни стручни активи;<br>• Работната атмосфера во училиштето. |
| СЛАБИ СТРАНИ | • Незадоволително е присуството на родителите на проблематичните и слаби ученици на повик за разговор и/или советување, како и на родителските средби;<br>• Училиштето недоволно ги наградува учениците кои континуирано постигнуваат одличен успех и имаат примерно поведение;<br>• Недостига дневен престој.<br>• Недостиг од компјутери за работа на час. |

**Подрачје 6: Ресурси**
**Ниво на евалуација : многу добро**

| *бр.* | *Индикатори за квалитет* | *Т е м и:* |
|---|---|---|
| **6.1** | Сместување и просторни капацитети | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |
| **6.2** | Наставни средства и материјали | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал |
| **6.3** | Обезбедување на потребниот наставен кадар | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>• Ефикасност и распоредување на кадарот<br>• Стручната служба како подршка на наставниот кадар |
| **6.4** | Следење на на развојните потреби на наставниот кадар | • Професионален развој на наставниците |
| **6.5** | Финансиско работење во училиштето | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

| **6.1 Сместување и просторни капацитети<br>Ниво на евалуација - многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| ○ Годишна програма за работа на училиштето-2020/2021, 2021/2022<br>○ Годишни извештаи за работата на училиштето<br>• план за развој на училиштето<br>• прашалник за наставници, прашалник за родители и прашалник за ученици<br>• непосреден увид<br>○ записници од просветна и санитарна инспекција<br>○ Основни податоци за дејноста<br>○ полугодишен и годишен извештај<br>○ записници од работата на стручните активи<br>○ анкета со наставници, родители и ученици<br>○ Финансиски план за потребите на училиштето | Училиштето се наоѓа во централното градско подрачје. Во негов состав влегуваат и четири подрачни училишта во: с.Криволак, с.Војшанци, с.Пепелиште и с.Црвени Брегови. Просторот со кој располага училиштето ги задоволува потребите на учениците.<br>Скоро сите училници се со големина која соодветствува на бројот на учениците во паралелките. Дел од училишната трпезарија во централното училиште со површина од 35 м2 е пренаменет во сензорна соба. Се уреди така што се набавени нагледни средства и помагала за потребите на учениците со посебни потреби. Извршени се сите неопходни подготовки, како во централното, така и во подрачните училишта: санација на водоводната мрежа во градот, молерисување на цоклињата во ходниците, демонтажа на старите и поставување нови котли за парно греење во ПУ с. Војшанци и Црвени Брегови, односно пренаменување на греењето од дрва на пелети, демонтажа на стариот и поставување нов котел за парно греење со пренамена од дрва на нафта во ПУ с. Пепелиште. Извршена е дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите простории, со цел успешно стартување на новата учебна година. Со промената на грејниот котел се изврши поголемо затоплување во подрачното училиште.<br>Ентериерот во училишната зграда, односно внатрешните скали и ходниците, не се според Нормативот. Тоа се должи на фактот што зградата е повеќе децении стара и не се можни интервенции за нивно проширување.<br>Во последните две учебни години, училиштето заедно со општината, направи напори за целосно рушење на дотраената барака (со изготвување на проект за рушење на истата и изготвување на 3Д проект за изгледот за новата зграда, во која ќе бидат сместени 9 кабинети и мини фискултурна сала). Но, бидејќи сеуште траеше пандемијата со Ковид 19, дојде и до светска економска криза која придонесе за покачување на цените во сите сфери, проектот за изградба на нова зграда привремено е ставен во мирување. Од овие причини, неопходна е уште една реконструкција на дотраената училишна барака во која се сместени |

| | |
|---|---|
| | три кабинети. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи располжливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. |

| **6.2 Наставни средства и материјали<br>Ниво на евалуација- многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала<br>• разговор со стручната служба и директорот<br>• увид во библиотечната евиденција<br>• разговор со библиотекар<br>• разговор со ученици<br>• разговор со наставници<br>• прашалник за наставници<br>• разговор со техничкиот персонал<br>• увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали<br>• самоевалуација на училиштето<br>• план за развој на училиштето | Училиштето располага со голем дел на стручна литература и наставни средства кои соодветствуваат со современите наставни текови. Училиштето перманентно ги утврдува потребите од наставни средства и помагала и истите континуирано ги обновува. Компјутерите и интернетот редовно се користат во наставата, како и ЛЦД проекторите и ЦД плеерите со кои можат да располагаат наставниците по потреба. Со набавката на голем број телевизори во многу училници е збогатен изборот за користење на технички уреди во наставвата кои итекако се употребуваат и функционално се користат, а со тоа се допринесува за поквалитетна настава.. Извршена е набавка на голем број наставни средтства и помагала за наставата по сите предмети се со цел на подобрување на истата. Ќе спомeнеме само дел од наставните нагледни средства што се користат во централното и подрачните училишта:<br><br>➢ Персонални компјутери – 34<br>➢ Компјутери за вработените - 8<br>➢ 30 Лаптопи (за ученици до трето одд.)<br>➢ лаптопи – HP – 5<br>➢ Ласер – HP (принт, скен, копир) – 1<br>➢ Копир – Ricon – 1<br>➢ Printer –HP – 1002 -10<br>➢ Sharp - ( скен, копир) – 1 |

| | |
|---|---|
| | ➢ Printer Canon 6300 - 1<br>➢ Printer vo boja – Epson L 3060 – 1<br>➢ Printer/copir – Kyosera – 1 br.<br>➢ Samsung -2 br. Printer<br>➢ ЛЦД проектори -6<br>➢ Телевизори – 21<br>➢ 10 Касетофони<br>➢ Озвучување -1<br>➢ Клавинова - 1<br>Училишната библиотека располага со голем број литературни и лектирни изданија кои постепено се обновуваат и прошируваат:<br>➢Учебници - 7777<br>➢Лектири - 6676<br>➢ Стр. Литература за наст. И стр. Сораб - 229<br>➢Други публикации (белетристика, класици) - 1832.<br>Евиденцијата во библиотеката се води уредно со помош на компјутер и специјален софтвер.<br>Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал (креди, хартија, тонери за печатачите и фотокопирите итн.) во потребната количина за непречена реализација на наставните и воннаставните активности, согласно со планот и програмата на училиштето. |

| **6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар<br>Ниво на евалуација - многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • увид во досиејата на вработените<br>• увид во Правилникот за систематизација | Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за реализирање на воспитно- образовниот процес во редовните паралелки и во паралелката за деца со посебни потреби. Наставниот кадар во целост е квалификуван за одговорностите во наставата, а неговата работа е надополнета и од страна на |

| | |
|---|---|
| • разговор со директорот и со наставниците<br>• годишна програма за работа на училиштето<br>• анкетен лист за секретарот<br><br>• програма за работа на стручната служба<br>• прашалници за наставници и стручна служба<br>• прашалник за директор | административно – техничкиот персонал. Преку проект од локалната самоуправа обезбедена е поддршка од образовни асистенти за работа со ученици со посебни образовни потреби.<br>Наставниот кадар континуирано посетува обуки и семинари со цел за нивно професионално усовршување и подобрување на квалитетот на наставата и наставниот процес. За потребите на наставата има вработено специјален едукатор и рехабилитатор, кој работи индивидуално со деца со ПОП.<br>Во рамките на стручните активи наставниците работат тимски, а со тоа ефективно придонесуваат за поквалитетна настава во училиштето.<br>При распределба на кадарот, во предвид се земаат квалитетите, искуството и стручноста на наставниците. Училиштето има механизми за замена на отсутен наставник на пократко или подолго отсуство.<br>Училиштето обезбедува услови за редовно доаѓање на наставниците на работа како и изведување на наставата и воннаставните активности. Училиштето е отворено за соработка и повремено ангажира специјализирани наставници или експерти од соодветна област, кои работат со наставниот кадар во училиштето.<br>Стручната служба во училиштето им помага на наставниците во организација на наставата и го следи академскиот напредок на учениците. Исто така се справува со проблемите на индивидуално и групно ниво , пружа советодавна помош на учениците, како и на нивните родители ( советувања , индивидуални и групни работилници и сл.). Стручната служба во својата програма за работа, планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците, родителите и наставниците и е секогаш е отворена за соработка. |

| **6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар<br>Ниво на евалуација - многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| | Училиштето ги согледува потребите на наставниците за професионално унапредување и им овозможува учество на обуки, семинари и професионални |

| | |
|---|---|
| • интерни акти<br><br>• разговор со стручната служба, наставниците и директорот<br>• досие на наставници<br>• прашалник за наставници<br><br>• листи од спроведени интерни обуки | надградби во земјава и странство. Каде што е возможно училиштето и финансиски ги покрива трошоците или дел од трошоците за тие обуки, делумно со сопствени средства, делумно преку донации. Знаењата и искуствата стекнати на ваквите обуки, секогаш се пренесуваат и на останатиот наставен кадар преку интерни обуки, дисеминации и семинари.<br>На сите нововработени наставници – приправници им се доделува ментор кој ја следи и помага нивната работа во процесот на стекнување на искуство.<br>На наставниците кои внесуваат иновации во работата и го подобруваат училишниот дух им се доделуваат интерни признанија и пофалници.<br>Во рамките на подобрување на ефикасноста и креативноста во работата, наставниот кадар навремено го известува училиштето за потребите и можностите за учество на обуки и семинари за професионален развој. . |

| **6.5 Финансиско работење во училиштето**<br>**Ниво на евалуација - многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • увид во финансов план, развоен план и годишна програма за работа на училиштето<br>• разговор со наставниците, раководители на подрачни училишта, директорот и Управен одбор<br>• записници и одлуки од Управен одбор<br>• записници од ревизија<br>• склучени договори, тендери за јавни набавки и понуди | Училиштето работи во согласност со законските норми за финансиско работење и раководството ги користи сите механизми за стекнување на дополнителни финансиски средства со кои се овозможува подобрување на условите за настава во училиштето, како и тековно одржување на училишната зграда и обезбедување на подобри услови за престој во истата. Училишниот одбор е запознат со сите финансиски активности во училиштето. Управата на училиштето врши распределба на средства која е економична, ефикасна и правична (ресурси добиваат сите подрачни училишта како и централното училиште во градот). Фокусот на планирањето и трошењето на буџетот е врз подобрување на наставата и учењето, како и условите за работа, но има простор за набавка на дополнителни ресурси кои би го унапредиле наставниот процес.<br>Наставниците, родителите и локалната заедница се делумно запознати со буџетот и финансиското работење на училиштето, иако имаат можност во секое |

| | |
|---|---|
| • прашалник за директорот | време да се информираат за повеќе детали. |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| ЈАКИ СТРАНИ | • Училишниот простор ги задоволува условите за изведување на настава<br>• Дел од училишната трпезарија во централното училиште со површина од 35 м2 е пренаменет во сензорна соба. Се уреди така што се набавени нагледни средства и помагала за потребите на учениците со посебни потреби.<br>• Извршени се сите неопходни подготовки, како во централното, така и во подрачните училишта: санација на водоводната мрежа во градот, молерисување на циклињата во ходниците, обновување на фасадата на бараката со фасадна-еко боја, молерисување на кабинетите во бараката.<br>• Демонтажа на старите и поставување нови котли за парно греење во ПУ с. Војшанци и Црвени Брегови, односно пренаменување на греењето од дрва на пелети, демонтажа на стариот и поставување нов котел за парно греење со пренамена од дрва на нафта во ПУ с. Пепелиште.<br>• Извршена е дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите простории, со цел успешно стартување на новата учебна година.<br>• Извршена е набавка на голем број наставни средтства и помагала за наставата по сите предмети се со цел на подобрување на истата.<br>• Училиштето е препознатливо по добра хигиена и презема јасни мерки за одржување на состојбата;<br>• Наставниот кадар е соодветен, а училиштето редовно ги идентификува потребите од нивно професионално усовршување и обезбедува |

| | |
|---|---|
| | финансиска поддршка;<br>• Од страна на Општината ангажирани се надворешни лица (образовни асистенти) за работа со ученици со посебни потреби и пречки во развојот;<br>• Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат тимски во рамките на стручните активи;<br>• Работата на наставниот кадар соодветно е надополнета и олеснета од страна на административно-техничкиот персонал;<br>• Соработката меѓу наставниците , родителите, стручната служба и директорот е на високо ниво;<br>• Сите постапки поврзани со финансиското работење кои ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи;<br>• Раководството користи разни механизми за стекнување на дополнителни финансиски средства и го следи наменското трошење;<br>• Во училиштето постои Комисија за јавни набавки и работи според сите правила и прописи поврзани со реализацијата на јавните набавки;<br>• Буџетот се користи наменски, за цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и развојот на училиштето во целина. |
| СЛАБИ СТРАНИ | • Заради тесните ходници понекогаш се создава гужва при движењето на учениците.<br>• Неопходно е реконструкција на дотраената училишна барака во која се сместени три кабинети. |

**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика**
**Ниво на евалуација : многу добро**

| *Бр.* | ***Индикатор за квалитет*** | ***Теми*** |
|---|---|---|
| **7.1** | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето |
| **7.2** | Цели и креирање на училишната политика | • Јасност и соодветност на целите<br>• Процедури за креирање на училишната политика |
| **7.3** | Развојно планирање | • Цели на развојното планирање<br>• Професионален развој/стручно усовршување на кадарот<br>• Инфраструктура |

| **7.1 Управување и раководење со училиштето<br>Ниво на евалуација – многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Закон за основно образование<br>• Деловник за работа на Училишниот одбор<br>• Статут на училиштето<br>• Записници, Одлуки,Извештаи од работата на Училишниот одбор<br>• Интервју со Училишен одбор | Училишниот одбор (УО) е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. УО брои 7 члена и тоа: тројца членови од редот на наставниците, тројца од Советот на родители и еден член од Основачот.<br>Работењето и надлежностите на органот на управување се јасно дефинирани со Законот за основно образование, Деловник за работа на УО, Програмата за работа на Училишен одбор, Статутот на училиштето, во кои се содржани сите законски и статутарни обврски. Состаноците и донесување Одлуки се |

| | |
|---|---|
| • Програма за работа на директорот<br>• Интервјуа со наставниците родителите и учениците<br>• Записнички книги од состаноците на Училишен одбор и Наставнички совет | одржуваат со мнозинство на членови. Членовите се известуваат писмено, со покани, најмалку два дена пред одржување на состаноците. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Тимот од УО има воспоставено партнерски односи со директорот на училиштето, стручната служба во училиштето, наставниците и други заинтересирани страни, како родители, ученици и локална самоуправа.<br>Училиштето нема обезбедено обука за новите членовите на УО заради успешно извршување на улогата на управување.<br>Директорот на училиштето е раководниот орган на училиштето. Тој ја следи организацијата и реализацијата на воспитно–образовната и другата стручно-педагошка работа во училиштето. Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата пракса што постои во училиштето. Донесува одговорни Одлуки.<br>Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, кој се заснова на знаења и вештини, вклучувајќи и способност за ефективно делегирање, комуницира и раководи со вработените и се грижи за нивно перманентно стручно усовршување.<br>Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план, преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците, осовременување на наставната технологија, создавање креативна средина за настава и учење, следење на развојниот план, вклучување на наставниците и стручните соработници во развојните политики и промовирање добри училишни практики.<br>Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница.<br>Покрај органот на управување и раководниот орган, во училиштето работат и стручни органи и тела (Наставнички совет, Совет на предметни и одделенски наставници, Стручни активи и раководители на паралелки. Проблемите најчесто се решаваат на Наставнички совет или со одредување Комисии кои донесуваат одлуки. |

| | |
|---|---|
| | Одлуките се носат од мнозинство членови, присутни на состаноците, а се евидентираат во Записничките книги на Наставнички и Одделенски совет, а транспарентно се истакнуваат на огласната табла.<br>За успешно функционирање и организирање на работата во училиштето донесени се законски и интерни правилници. |

| **7.2 Цели и креирање на училишната политика<br>Ниво на евалуација - многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Год. програма за раб. на училиштето за уч 2020/21 и 2021/22<br>• Извештај од последната самоевалуација<br>• План за развој на училиштето-2021-2024<br>• Акциони планови<br>• Анкети/Интервјуа со директор, стручна служба, наставници родители, ученици<br>• Записници од УО, Совет на родители, Наставнички совет<br>• Записник од состаноци на одд. заедници и ученичкиот парламент | Целите на училиштето се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите и се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. По спроведените анкети и интервју со директорот, наставници, родители и ученици се констатира дека целите пред се, се јасни и фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето.<br>Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. Училиштето ги зема предвид мислењата на родителите и на учениците. |

| **7.3 Развојно планирање<br>Ниво на евалуација - многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Годишна програма за работа на училиштето за уч 2020/21 и 2021/22<br>• Извештај од претходната самоевалуација-2018-20,<br>• План за развој на училиштето-2021-2024<br>• Увид во опремата<br>• Увид во инфраструктурата<br>• Апликации на училиштето за обезбедување на средства од локалната самоуправа, заедница, донатори | Училиштето има изготвено План за развој на училиштето за период од четири години (2021-2024), со јасно дефинирани приоритети произлезени од извршените самоевалуации и истите се реализираат според предвидената динамика. При изготвување на новиот План за развој на училиштето, во почетокот на 2025 година, појдовна основа ќе бидат приоритетите што ќе произлезат од Извештајот на оваа и следната самоевалуација.<br>Училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот и има изготвено програма за стручно усовршување на вработените, вклучувајќи и обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби.<br>Раководниот орган перманентно ги следи сите законски промени во доменот на образованието и ги почитува сите укажувања од Просветниот инспекторат, Бирото за развој и секторот за основно образование при МОН. Училиштето обезбедува средства за обука на наставниот и ненаставен кадар.<br>Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Воедно, училиштето обезбедува и средства за нивно одржување и врши замена на дотраените или нефункционални технички уреди со цел поуспешно реализирање на наставата, користејќи и ИКТ во наставата.<br>За целосна поддршка на учениците со ПОП (ученици од ПП и инклузирани ученици), во училиштето се отвори сензорна соба, во соработка со УСАИД и истата е опремена со нагледни средства и помагала, соодветни на потребите на овие ученици. И оваа година се ангаѓирани образовни асистенти за инклузираните ученици, кои им помагаат во процесот на усвојување на постигањата.<br>Училишната библиотека располага со стручни, литературни и лектирни изданија, која во последните неколку години континуирано го зголемува, обновува фондот со нови наслови. Со тоа целта на задоволување на потребите на учениците е максимално постигната. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето, покрај средствата од блок-дотациите, обезбедува и сопствени средства од донатори за наменско инвестирање во истата. Училиштето има воспоставена соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата.<br>Со реализацијата на сите проекти, семинари, зафати, училиштето ја остварува својата мисија, која всушност е и целта на неговото постоење. Таа е искажана во Изјавата на мисијата:<br>*Реализираме современа и квалитетна настава која е приспособена на потребите и интересите на учениците за почитување на различните етнички заедници и поттикнуваме доживотно учење!*<br>односно ќе се стреми кон својата визија која гласи:<br>*Нашето училиште да биде училиште со современа, ефикасна и квалитетна настава прилагодена на потребите и интересите на учениците од различни етнички групи во една безбедна и дисциплинирана средина!* |

| ***Извори на податоци- прашалници*** | ***Кои информации се собрани – Квантитативна анализа*** |
|---|---|
| <u>*Прашалник за наставници*</u><br><br>Анкетирани се 33 наставници | 1.Дали вработените се известени за поважните одлуки на Училишниот одбор?<br>а)Да – 85**%** б)Не **– 0%** в) Делумно – 15**%**<br>2.Дали вработените учествуваат во одлуките кои се поважни за работата и функционирањето на училиштето?<br>а)Да – 82**%** б)Не – 0**%** в)Делумно – **18%**<br>3.Дали Директорот на училиштето има воспоставено партнерски однос со родителите?<br>а)Да – **97%** б)Не – **0%** в)Делумно – **3%**<br>4.Дали Директорот на училиштето има воспоставено партнерски однос со локалната заедница?<br>а)Да – **97%** б)Не – **0%** в)Делумно – 3**%**<br>5.Дали сметате дека Директорот правилно ги распоредува работните обврски на наставниот кадар и останатите вработени?<br>а)Да – **100%** б)Не – **0%** в)Делумно – 0**%** |

| | |
|---|---|
| | 6.Дали сметате дека Директорот им овозможува еднаква шанса за професионален развој на сите вработени?<br>а)Да – 91**%** б)Не – **0%** в)Делумно – 9**%**<br>7.Дали Училишниот одбор и Директорот се раководат од визијата за напредокот на сите вклучени страни во воспитно-образовниот процес?<br>а)Да – **97%** б)Не – **0%** в)Делумно – 3**%**<br>8.Дали Директорот врши редовна контрола врз навременоста и правилноста на исполнување на работните обврски на наставниот кадар?<br>а)Да – 94% б)Не – 0**%** в)Делумно – **6%**<br>9.Дали Директорот врши редовна контрола врз навременоста и правилноста на исполнување на работните обврски на останатите вработени?<br>а)Да – 91**%** б)Не – **0%** в)Делумно – 9**%**<br>10.Дали вработените се вклучени во креирањето на целите и планирањата за активности за напредок на училиштето?<br>а)Да – 97**%** б)Не – **0%** в)Делумно – 3**%**<br>11.Дали училиштето има изготвено план и обезбедено средства за професионален развој на наставниците?<br>а)Да – **88%** б)Не – **0%** в)Делумно – **12%**<br>12.Дали училиштето навреме изготвува Годишна програма и дали работи на нејзина реализација?<br>а)Да – **100%** б)Не – **0%** в)Делумно – **0%**<br>13.Дали училиштето навреме набавува материјално-технички средства и друг потребен материјал за работа на час?<br>а)Да – **88%** б)Не – **0%** в)Делумно – 12**%**<br>14.Дали училиштето набавките ги врши според потребите и барањата на вработените?<br>а)Да – **91%** б)Не – **0%** в)Делумно – **9%**<br>15.Дали училиштето редовно работи на подобрување на инфраструктурата на училишната зграда?<br>а)Да – **88%** б)Не – **0%** в)Делумно – 12**%** |
| *<u>Прашалник за родители</u>*<br><br>Анкетирани се 193 родители | (see table below) |

| Тврдење | ДА | ПОНЕКОГАШ | НЕ |
|---|---|---|---|
| 1.На моето дете му се допаѓа во училиштето | **90%** | **8%** | **2%** |
| 2.Учениците добро се однесуваат кон него | **80%** | **18%** | **2%** |
| 3.Добро сум информиран за тоа како моето дете напредува | **91%** | **8%** | **1%** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4.Наставниците постапуваат правично кон моето дете | **85%** | **13%** | **2%** |
| 5.Директорот има воспоставено партнерски односи со родителите | **52%** | **23%** | **25%** |
| 6.Директорот има воспоставено партнерски односи со локалната заедница | **61%** | **24%** | **15%** |
| 7.Родителите се известени за поважните Одлуки што ги носи Училишниот одбор? | **76%** | **14%** | **10%** |
| 8.Училиштето го зема впредвид мислењето на родителите при креирање политики | **47%** | **29%** | **24%** |
| 9. дали знаеш каде да се информираш за училишниот буџет и трошењето на парите? | **/ %** | **-** | **2%** |
| 10. Што најмногу ви се допаѓа во училиштето? | стручноста на наставниците (77)<br>безбедноста во училиштето (57)<br>однесувањето на наставниците (57)<br>информ. За одделни проблеми (54)<br>раководење (36)<br>уч. и нивното однесување (24)<br>состојбата со нагл. Средства (22) | | |
| 11. Што најмалку ви се допаѓа? | „Што е мирно до сега“<br>„Поделбата на децата“<br>„Учениците и наставниците“ | | |

| | |
|---|---|
| <u>*Прашалник за ученици*</u><br><br>Анкетирани се 159 ученици | 1.Дали учениците учествуваат во одлуките кои се поважни за работата и функционирањето на училиштето?<br>а) да – **39%** б) делумно – **36%** в) не – 25**%**<br>2.Дали директорот на училишиштето има воспоставено партнерски однос со учениците?<br>а) да – 50**%** б) делумно – 24**%** в) не – 26**%**<br>3.Дали се чувствувате сигурни и безбедни во училиштето?<br>а) да – 72**%** б) делумно – 17**%** в) не – 11**%**<br>4.Дали сте почитувани од страна на наставниците?<br>а) да – 72**%** б) делумно – **18%** в) не – 10**%**<br>5.Дали добро е организирана целокупната работа во училиштето?<br>а) да – 71**%** б) делумно – 18**%** в) не – 11**%**<br>6.Дали сметате дека директорот редовно врши набавка на потребните наставни материјали (лектирни изданија и дополнителна литература, креди, постери итн. )?<br>а) да – 79**%** б) делумно – 1**1%** в) не – 10**%**<br>7.Дали директорот врши редовна контрола со цел навремено и правилно исполнување на раб.обврски од страна на наст. кадар?<br>а) да – 70**%** б) делумно – 14**%** в) не – 16**%** |
| <u>*Прашалник за членови на УО*</u><br><br>Анкетирани се 4 членови | 1.Дали УО е конституиран според Правилникот и Законите на РСМ?<br>а)Да – **100%** б)Не<br>2.Дали УО навремено донесува Програма за работа на Училишен одбор?<br>а)Да – **100%** б)Не<br>3.Дали членовите на УО навремено добиваат покани и известувања?<br>а)Да – **100%** б)Не<br>4.Дали одлуките на УО се донесуваат со мнозинство гласови на членовите?<br>а)Да – **100%** б)Не<br>5.Дали УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес ?<br>а)Да – **85%** б)Не – **0%** в)Делумно – **15%**<br>6.Дали одлуките и работата на УО се доволно транспарентни?<br>а)Да – **100%** б)Не в)Делумно<br><br>7.Дали тимот од УО има воспоставено партнерски односи со директорот на училиштето, стручната служба, наставниците? |

| | |
|---|---|
| | а)Да – **100%** б)Не в)Делумно<br>8.Дали тимот од УО има воспоставено партнерски односи со други заинтересирани страни како родители, ученизи и локална заедница?<br>а)Да – 100**%** б)Не – **0%** в)Делумно – 0**%**<br>9.Училиштето обезбедува обука за новите членови на УО заради успешно извршување на улогата на управување?<br>а)Да –0**%** б)Не – 50**%** в) Делумно 50% |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| ЈАКИ СТРАНИ | • Ефикасно и ефективно работење на Органот на управување и Раководниот орган<br>• Одлична комуникација на УО со раководниот тим<br>• Јасно поставени цели<br>• Континуирано подобрување на инфраструктурата на училиштето<br>• Солидна соработка со локалната самоуправа на повеќе полиња<br>• ангажирани образовни асистенти за потребите на учениците со попреченост, инклузирани во редовна настава<br>• Отворена и опремена сензорна соба |
| СЛАБИ СТРАНИ | • Училиштето нема обезбедено обука за новите членови на УО<br>• Учениците недоволно учествуваат во донесувањето на сите важни одлуки за работата и функционирањето на училиштето |

# РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Врз основа на член 129, став 4 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161/19). Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на ООУ„Страшо Пинџур“, за учебната 2020/2021 и 2021/2022 година, изврши самоевалуација на работата во училиштето „Страшо Пинџур“ – Неготино. За поголема ефикасност во работењето тимот формира и работни групи по подрачја, кои имаа средби и разговори со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа користеше повеќе податоци. Се спроведе анкета со ученици, наставници, родители, членови на УО, локалната самоуправа и директорот. Добиените податоци беа обработени, анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и Индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на четири нивоа (многу добро, добро, делумно задоволува и не задоволува) според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка – **многу добар.**

Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите седум подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

Придонес за ваквата донесена оценка имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите.

## ПРЕДЛОГ МЕРКИ

- Подетално и потранспарентно запознавање на учениците и родителите со НПП;
- Обновување на фондот на оштетени и дотраени учебници, со нови;
- Да се поттикне интересот на учениците од предметна настава за часовите по додатна настава;
- Да се зголеми присуството на родителите на родителските средби кога се соопштува успехот на учениците и присуството на родителите на проблематичните ученици со слаби постигнувања, со цел подигање на нивната свест за значењето на образованието;
- Поголема објективност при оценувањето на учениците во рамките на онлајн наставата;
- Да се подобри квалитетот на храната којашто им е пристапна на учениците;
- Поголема информираност кај родителите за активностите во училиштето (предавања за превенција од болести на зависност и презентациите што ги нудат средните училишта за учениците од 9-то одделение);
- Да се подобри хигиената во училиштето;
- Да се наградуваат учениците со континуиран одличен успех и примерно поведение;
- Воведување на дневен престој;
- Да се опремат неколку кабинети со компјутери, со цел реализација на ИКТ во наставата;
- Рационално искористување на капацитетите на училишната кујна;
- Да се дореконструира училишна барака (обновување на подот во третиот кабинет;
- Да се обезбеди обука за новите членови на УО;
- Поголема вклученост на учениците во донесувањето на важни одлуки за работата на училиштето

Јануари, 2023

Изготвил

*Комисија за самоевалуација*

Ивана Стојановиќ__________ Микица Илиевска_________

Катерина Јорданова _________ Ѓорѓина Димова ________

Нина Андонов_____________